Почитувано семејство Трајковски, драга госпоѓа Мануела, драги Бојана и Леона, почитувани колеги, пријатели, присутни,

Денес се собравме тука за да му оддадеме почит и да се збогуваме со нашиот драг колега и пријател Момчило Трајковски - Момо, академски графичар, советник конзерватор, чиешто прерано заминување остави огромна тага и празнина во нашите животи, професионално и лично.

Момчило Трајковски - Момо е роден на 6 септември 1958 година во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал во 1990 година на Факултетот за ликовни уметности, на графичкиот смер под менторство на професорот Димитар Малиданов, а конзервација и реставрација изучувал под менторство на професорот Јован Петров.

Бил на студиски престои и стручни усовршувања, од кои ќе ја издвоиме специјализацијата за конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во ИКРОМ (Рим, Италија) под менторство на професорот Вернер Шмит.

Интересот на Момо кон конзервацијата на фрескоживописот и воопшто на ѕидното сликарство започнува уште за време на средношколските денови и особено во текот на неговите студии на Факултетот за ликовни уметности, учествувајќи како надворешен соработник во реализацијата на конзерваторските работи врз неколку објекти и храмови, како Св. Спас во Вишни, Струшко; Св. Стефан во Конче; Св. Ѓорѓи во Крива Паланка; Св. Пантелејмон во Пантелеј, Кочанско; Св. Спас во Кучевиште и Св. Никола Болнички во Охрид.

Кон крајот на 1990 година се вработува во тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата, денес НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, каде што ќе работи до неговото пензионирање во септември 2022 година, а со НКЦ и со другите установи од културата и особено од заштитата беше поврзан до последни дни. Инаку, уште за време на приправничкиот стаж учествува во сложени зафати, како симнувањето на дел од оштетениот фрескоживопис во црквата Св. Софија во Охрид, потоа во локалитетите Стоби, Октиси, понатаму во Бигорскиот манастир, а имал учество и во конзерваторските зафати во ателјето за икони. По добивањето на повисоките стручни звања, виш

конзерватор и советник конзерватор веќе самостојно води и е раководител на голем број стручни тимови за непосредна заштита.

Со наследен талент, интерес и љубов кон ликовната уметност, кон спознавањето на тајните на сликарството и особено на конзервацијата, како и неговиот татко Јоско Трајковски кој исто така работел во РЗЗСК, Моме всушност не останува во сенка на неговиот татко, туку изнаоѓа сопствен израз и остава свој траен белег во заштитата на културното наследство.

Во неговиот исклучително долг и богат работен стаж, Момо има реализирано над 200 конзерваторско-реставраторски проекти во земјата, но и во странство, а учествувал и како претседател, раководител или член во бројни комисии за стручна контрола на проекти, надзори, прием на изведени работи, а до последен ден беше претседател на Управниот одбор во скопскиот Конзерваторски центар.

Со потполна сигурност би можело да се каже дека речиси да не постои објект, градба, храм или локалитет во кој тој не учествувал и иако не е возможно да ги вброиме и опфатиме сите негови активности и зафати, сепак ќе ги издвоиме некои од позначајните.

Тука спаѓаат неговите ангажмани, истражувања и конзерваторско-реставраторски работи во храмовите како Св. Софија во Охрид, во Слепченскиот манастир, Бигорскиот манастир, потоа во црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане, во манастирот Лешок, во Шарената (Алаџа) џамија во Тетово, Св. Ѓорѓи во Курбиново, Св. Богородица Перивлепта во Охрид, Лесновскиот манастир и многу други. Исто толку значајна е и неговата конзерваторска работа во археолошкиот локалитет Стоби, каде едни од позначајните зафати се во Епископската базилика, конзервација на мозаикот во „Куќата на Перистерија", Градбата со арки и друго, за што повеќе ќе ни кажат Стобјани. Тука, ќе ја вброиме и црквата Св. Димитриј во Велес каде што пред неколку години беше откриено импозантно средновековно ѕидно сликарство под слојот од XIX век. Понатаму, во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричане, каде што иако веќе во поодминати години, тој со истата младешка сила и елан, но со неверојатно искуство и внимание, ги отстрануваше варовите премази со кои беше покриено ѕидното сликарство. А како нешто малку поинакво од неговата главна преокупација, би ја вклучиле и

конзервацијата и реставрацијата на артефакти од Музејот на холокаустот во Скопје.

Од заштитните остварувања надвор од Македонија ќе ги издвоиме црквата Санта Марија ин Пунта во стариот дел на Будва, како и Ораториумот на 40-те маченици во Римскиот форум во Италија.

Во периодот од 2007 до 2012 година Момчило Трајковски предаваше конзервација и реставрација на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде што како одличен педагог своето знаење, умеење, вештина и искуство ги пренесуваше на идните генерации конзерватори, односно реставратори.

Покрај конзервацијата на културното наследство, Момо како автор, како ликовен уметник зел учество и на повеќе изложби во земјата и надвор, како на пример во Галеријата Имаголите во Стокхолм; Дом на ЈНА во Ниш; Дом на ЈНА во Белград; учествувал во Зимскиот салон на ДЛУМ и изложувал во Културно-информативниот центар во Скопје.

Покрај ова кусо претставување на стручната и професионална дејност, Момчило може да го окарактеризираме како исклучителна и впечатлива личност, голем професионалец, со неисцрпна и неуморна работна сила и енергија, а воедно многу строг, со остар јазик и со борбен дух. Но, зад сето тоа и зад неговата величина, како што беше и самата негова појава, стоеше правична личност со големо срце, духовит со оригинална смисла за хумор од која произлегле бројни досетки, шеги и анегдоти, а кој воедно беше и неверојатно голем кавалер. Немаше Нова година, 8 март или бил кој друг празник Моме да не упати и напише честитки до сите колеги или со некој друг гест да го одбележи настанот и да го покаже своето џентлменско внимание. Дури и кога заминуваше во пензија остави дел од себе, со тоа што сите поединечно нè даруваше со негови дела, односно слики.

Инаку, Момо го сакаше теренот, а колегите, особено оние со кои непосредно работел со денови, со недели, месеци и години, кои повеќето се тука, а меѓу кои е и Славчо Соколовски кој денес живее во Масачусетс, со силни емоции, со носталгија, гордост и радост се сеќаваат на сите заеднички мигови, на сите предизвици со кои биле соочени уште во помлади години. Се сеќаваат на некои други времиња со поинакви вредности, услови и можности, без толкав технолошки напредок, на тешко достапни терени со екстремни услови, со

неопходна психо-физичка подготвеност и ментална издржливост за да се соовладаат физички напорните и сложени проекти и зафати. Се сеќаваат на заедничкото изнаоѓање на различни начини да се надминат сите препреки, за да го завршат работниот ден со цитирам: „работејќи со часови под јако сонце и физички напорна работа, целосно изнемоштени, жедни и гладни, за момент се чувствувавме како „војници или затвореници“. Но, секогаш успевавме да измислиме некоја нова шега, слоган или метафора која ни ја враќаше ведрината и насмевката.“ И токму таков беше Момо и токму таков сите го паметиме!

За сите колеги, за сите нас, особено за помладите Момо беше родител, беше учител, беше колега и пред сѐ Момо беше пријател. Денес го изгубивме сето тоа, а нашата установа, нашата фела и воопшто заштитата на културното наследство и нашата држава Република Македонија изгубија врвен стручњак, висок професионалец и одличен конзерватор. Но, сепак за нас ќе остане благодарноста за поуките, привилегијата што имавме можност да работиме и соработуваме со него и што е најважно ќе останат спомените.

Момчило Трајковски – Момо зад себе остави семејство, сопруга и две прекрасни ќерки Бојана и Леона кои најмногу ги сакаше, ги обожаваше, постојано ги споменуваше и на кои се гордееше. Моме остави огромно наследство зад себе и аманет да се грижиме за културното наследство без компромиси.

Во име на Националниот конзерваторски центар - Скопје изразуваме искрено и длабоко сочувство до семејството, до колегите, до пријателите за загубата и прераното заминување во вечноста на нашиот драг и почитуван колега и пријател Момчило Трајковски – Момо.

Нека му е вечна славата и светол патот.
Бог да го прости и да почива во мир и спокој!

Би сакала да го повикам нашиот драг колега Владо Муковски, сликар, советник конзерватор, кој е воедно и раководител на Секторот за конзервација и реставрација во НУ НКЦ – Скопје, а кој беше неразделен колега, соработник и пријател со Момо, за да го упати последниот поздрав до него и да сподели со нас некои од убавите мигови и спомени.

Следен ќе го повикам колегата археолог Гоце Павловски од Националната установа Стоби да се присети на заедничката работа на Момен со Стобјани и да го упати нивниот последен поздрав.

На крај, дозволете ми да го прочитам писмото испратено од конзерваторот Славчо Соколовски, некогашен колега од РЗЗСК, а кој денес живее во Кембриџ, Масачусетс, САД, кој воедно ни ги испрати и некои од постарите фотографии кои ги видовме.

д-р Јехона Спахиу Јанчевска,
*историчар на уметноста, советник конзерватор*
Во името на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје

4 јуни, 2024 година